МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# ЗАКОН

# ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

**Скопје, септември 2010 година**

Пречистениот текст на Законот за обезбедување на лица и имот ги опфаќа: Законот за обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/1999) и Законот за изменување и дополнување на Законот за обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2007) во кој е означено времето на нивното влегување во сила, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2008) и Исправката на Законот за изменување и дополнување на Законот за обезбедување на лица и имот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2007).

# ЗАКОН
# ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ
## (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на обезбедување на лица и имот.

### Член 2

Обезбедувањето на лица и имот е дејност од јавен интерес.

### Член 3

Обезбедување на лица и имот, под условите утврдени со овој закон и во согласност со Законот за трговските друштва, вршат правни лица регистрирани за вршење на таа дејност во вид на давање на услуги и правни лица кои обезбедувањето на лица и имот го вршат за сопствени потреби.

### Член 4

Обезбедувањето на лица и имот се врши како физичко и техничко обезбедување.

Физичко обезбедување, во смисла на овој закон, е обезбедување на лица заради нивна лична заштита и обезбедување на имот од пристап на неповикани лица, уништување, оштетување, противправно одземање и други форми на штетни дејствија.

Техничко обезбедување, во смисла на овој закон, е обезбедување на лица и имот со технички средства и уреди по пропишани стандарди.

## II. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

### Член 5

Правно лице кое дејноста обезбедување на лица и имот ја врши во вид на давање на услуги се стекнува со право за вршење на дејноста со упис во трговскиот регистар.

За уписот од став 1 на овој член покрај условите предвидени со прописите за упис во трговскиот регистар, потребно е правното лице да има најмалку десет лица кои имаат лиценца за работа, дозвола за работа од Министерството за внатрешни работи, како и две деловни простории и две превозни средства.

Правно лице од став 1 на овој член може да основа домашно правно или физичко лице.

Правните лица кои обезбедувањето на лица и имот го вршат за сопствени потреби се стекнуваат со правото за вршење на обезбедувањето на лица и имот, ако е издадена дозвола за работа од Министерството за внатрешни работи.

Правните лица од ставовите 1 и 4 на овој член се должни да отпочнат со работа во рок од шест месеца од денот на издавањето на дозволата за работа од Министерството за внатрешни работи.

### Член 6

Против решението со кое се одбива барањето за издавање дозвола за работа правното лице од член 5 на овој закон има право на жалба, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението, до надлежната комисија на Владата на Република Македонија.

### Член 7

Техничко обезбедување на лица и имот може да се врши:

– самостојно;

– со приклучување на системите за техничка и противпровална заштита во правните лица регистрирани за таа дејност (мониторинг центри) и

– со приклучување на системите за техничка и противпровална заштита во Министерството за внатрешни работи.

### Член 8

Работи на обезбедување на лица и имот можат да вршат лица кои имаат лиценца за работа.

Лиценца за работа издава Комората на Република Македонија за обезбедување на лица и имот (во натамошниот текст: Комората), на лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос определени со закон ги исполнува и следниве услови:

1. Да е државјанин на Република Македонија;
2. Да има живеалиште во Република Македонија;
3. Со правосилна пресуда да не му е изречена казна, односно прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност додека трае таквата мерка;
4. Да има завршено најмалку средно образование, односно средно образование од техничка насока за вршење на техничко обезбедување;
5. Во последните две години пред да добие лиценца за работа да не извршувал работи и задачи од областа на безбедноста и одбраната во органите на државната управа како: овластено службено лице или на посебни работни места согласно со прописите од областа на внатрешни работи, работни места на определени должности согласно со прописите од областа на разузнавањето или работни места од член 123 на Законот за одбрана и
6. Да е оспособен за вршење на обезбедување на лица и имот и да има положено стручен испит за вршење работи на обезбедување на лица и имот (во натамошниот текст: стручен испит).

Одредбата од став 2 точка 6 на овој член не се однесува на лицата кои најмалку три години извршувале работи и задачи од став 2 точка 5 на овој член.

Член 9

Оспособувањето од членот 8 став 2 точка 6 на овој закон на физичките лица за вршење на работи на обезбедување на лица и имот го организира Комората, а го вршат претставници на Министерството за внатрешни работи определени од министерот за внатрешни работи.

Стручниот испит од член 8 став 2 точка 6 на овој закон се полага пред комисија што ја формира министерот за внатрешни работи составена од претставници на Комората и Министерството за внатрешни работи.

Проверка на оспособеноста за ракување со оружје како дел од стручниот испит врши комисија на Министерството за внатрешни работи составена од полициски службеници во униформа.

Трошоците за оспособувањето и полагањето на стручниот испит ги сноси физичкото лице.

Програмата и начинот на полагање на стручен испит како и оспособувањето на физичките лица и образецот на лиценцата за работа ги пропишува министерот за внатрешни работи.

Член 10

По барање на правните лица од член 3 на овој закон, Министерството за внатрешни работи дава стручна помош во организирањето на обезбедувањето на лица и имот и врши обука на вработените.

Трошоците за дадената стручна помош и обука од став 1 на овој член ги сноси правното лице.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА И РАБОТНИЦИТЕ КОИ ВРШАТ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

### Член 11

Правното лице регистрирано за вршење дејност обезбедување на лица и имот во вид на давање на услуги со странката задолжително склучува договор.

### Член 12

Правното лице од член 11 на овој закон не смее да извршува или склучува договори за работи од надлежност на државни органи.

Не е дозволено извршување работи сврзани со наплата на долг.

### Член 13

При обезбедување на лица и имот не смее да се применуваат методи и средства кои со закон не се дозволени или за чија примена се овластени само надлежни државни органи.

### Член 14

Правните лица од членот 5 ставови 1 и 4 на овој закон се должни да поднесат барање за издавање на легитимација до Комората во рок од 15 дена од засновањето на работниот однос со работниците кои вршат обезбедување на лица и имот (во натамошниот текст: работниците за обезбедување).

При вршењето на задачите работниците за обезбедување се должни да носат легитимација.

Образецот на легитимацијата и начинот на нејзиното издавање го пропишува министерот за внатрешни работи.

### Член 15

Во случај кога работникот за обезбедување се повикува на своите задачи должен е истовремено да ја покаже и легитимацијата.

Работникот од став 1 на овој член должен е да ја покаже легитимацијата и на барање на овластено службено лице или полициски службеник на Министерството за внатрешни работи.

### Член 16

Во случај на престанување на работниот однос на работникот за обезбедување, правното лице ја доставува легитимацијата за поништување до Комората.

Член 17

Работникот за обезбедување може да:

1) утврдува идентитет на лица при влез во имотот што го обезбедува;

2) го предупреди лицето да се оддалечи од имотот што го обезбедува, ако лицето неовластено се задржува во него;

3) не дозволи влез на неповикано лице во имотот што го обезбедува;

4) пријави и предаде на полицијата лице затечено во вршење на кривично дело кое се гони по службена должност;

5) не дозволи влез, односно излез на возило или лице со багаж ако согласно со пропишаните акти за обезбедување на имотот потребно е да се изврши преглед на возилото, односно багажот, а возачот тоа не го дозволува;

6) не дозволи неовластено снимање или внесување на средства и опрема за таа намена;

7) врши контрола и презема мерки за заштита и известување за настанат пожар, експлозија или други непогоди;

8) врши безбедносно-техничка заштита на правното лице;

9) врши лично-техничка заштита на лица и

10) врши обезбедување на пренос на пари и други вредности или доверливи документи за правното лице.

Во случаите од став 1 на овој член, работникот за обезбедување има право да примени физичка сила само кога е неопходно потребно за остварување на задачите, се до доаѓањето на полицијата.

Пред примена на физичката сила од став 2 на овој член, работникот за обезбедување е должен гласно да го предупреди лицето спрема кое ќе го примени тоа средство на присилба.

Член 18

Во вршењето на обезбедување на лица и имот може да се користи посебно дресирано куче, кое по претходно предупредување се употребува заради одбивање на непосреден напад над работникот за обезбедување, како и во случај на непосреден напад над лицето или имотот што се обезбедува.

Член 19

За употребата на средствата на присилност од член 17 став 2 и член 18 на овој закон, правното лице кое врши обезбедување на лица и имот и работникот за обезбедување се должни веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа писмено да го известат Министерството за внатрешни работи.

Член 20

При вршењето на обезбедувањето работниците за обезбедување можат да бидат вооружени согласно со прописите за **оружје**.

За работниците за обезбедување Комората најмалку еднаш годишно организира изведување на гаѓање со оружјето со кое се вооружени, што се спроведува пред претставници на Министерството за внатрешни работи определени од министерот за внатрешни работи.

Видовите и типовите на огнено оружје за потребите на правните лица кои вршат обезбедување на лица и имот, како и бројот на часови за оспособување во гаѓање, ги пропишува министерот за внатрешни работи.

Член 21

Работникот за обезбедување има право да употреби огнено оружје само ако објективно не е во можност да ја извести полицијата и ако на друг начин не може да:

1) одбие непосреден напад со кој се загрозува неговиот живот или животот на лицето кое се обезбедува и

2) одбие непосреден напад на имотот што се обезбедува.

Како непосреден напад со кој се загрозува животот на работникот за обезбедување, како и животот на лицето кое се обезбедува, се смета секој физички напад на начин или со средство (оружје, опасно орудие или друг сличен предмет со кој може да се загрози животот) кое претставува непосредна опасност по животот; напад кој го вршат две или повеќе лица, односно напад од очигледно физичко посилно лице или лице кое се служи со посебни вештини.

Како непосреден акт на напад со кој се загрозува имотот што се обезбедува се смета секое дејствие насочено кон противправно одземање на имотот, оштетување или уништување на објектот, како и расипување и уништување на уредите во објектот, со што се прави материјална штета (саботажа, диверзија).

Пред употребата на огнено оружје, лицето гласно се предупредува за тоа.

За употребата на огненото оружје во случаите од став 1 на овој член, правното лице кое врши обезбедување на лица и имот и работникот за обезбедување се должни веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа писмено да го известат Министерството за внатрешни работи.

Член 22

При обезбедување на лица и имот не се употребува огнено оружје доколку со тоа се доведува во опасност животот на други граѓани.

Не се употребува огнено оружје и против бремена жена чија бременост е видлива, деца и старци, освен ако овие лица со огнено оружје или со други опасна средства непосредно го загрозуваат животот на работникот за обезбедување или на лицето кое се обезбедува.

Член 23

Работниците за обезбедување, должни се при вршењето на работите да носат работна облека. По исклучок работите можат да ги вршат и во цивилна облека кога за тоа ќе оцени правното лице кое врши обезбедување на лица и имот.

Работната облека која ја носи работникот за обезбедување треба да има соодветно обележје на правното лице, како и ознаки од кои е очигледно какви работи и задачи извршува.

Член 24

Работната облека мора видливо да се разликува од униформата што ја носат припадници на државни органи.

Видот, составот, бојата и кројот на работната облека на работниците за обезбедување со свој акт го утврдува правното лице кое врши обезбедување на лица и имот.

## IV. ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Член 25

Владата на Република Македонија определува кои правни лица се должни да имаат обезбедување на лица и имот за свои потреби, ако вршењето на нивната дејност е поврзано со ракување со: радиоактивни материи или други по луѓето и околината опасни материи; предмети и објекти од особено културно и историско значење како и во други случаи кога е тоа во интерес на безбедноста односно одбраната на Република Македонија.

## V. КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛИЦА И ИМОТ

Член 26

Најмалку десет правни лица од членот 5 став 1 на овој закон се здружуваат во Комора заради заштита и унапредување на стручноста, професионалноста и деловноста, како и заштита на професијата.

Член 27

Комората е овластена да ги врши следниве работи:

1. Организира полагање на стручен испит;
2. Издава легитимација на работниците за обезбедување;
3. Издава лиценца за работа;
4. Подготвува и донесува акти за начинот на применување на прописите за обезбедувањето на лица и имот за членовите на Комората и
5. Врши и други работи утврдени со овој закон.

## VI. ЕВИДЕНЦИЈА

### Член 28

За вршење на обезбедување на лица и имот Комората води:

1) евиденција на правните лица на кои им е издадена дозвола за вршење на обезбедување на лица и имот, како и правните лица кои вршат обезбедување на лица и имот за свои потреби и
2) евиденција на работниците кои имаат лиценца за работа.

На барање на Министерството за внатрешни работи Комората е должна да ги даде податоците од став 1 на овој член.

### Член 29

Правните лица кои вршат обезбедување на лица и имот во вид на давање услуги се должни да водат евиденција на склучените договори за обезбедување.

Евиденцијата од став 1 на овој член, правните лица се должни да ја достават на увид на Министерството за внатрешни работи, по негово барање, во рок од пет дена.

### Член 30

Евиденцијата од член 28 став 1 точка 2 на овој закон ги содржи следниве податоци:

1) лично име;
2) датум и место на раѓање;
3) живеалиште, односно престојувалиште и адреса на станот;
4) единствен матичен број;
5) крвна група;
6) работно место;
7) стручна подготовка и
8) број на издадена, односно поништена лиценца и легитимација.

### Член 31

Прибирањето, чувањето и користењето на податоците во евиденцијата се врши согласно со прописите за заштита на личните податоци и со прописите за класифицирани информации.

## VII. НАДЗОР

### Член 32

Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за внатрешни работи.

Комората, односно правното лице кое врши обезбедување на лица и имот се должни да го овозможат вршењето на надзорот, да ја стават на располагање соодветната документација и да ги дадат потребните податоци и известувања.

Ако при вршењето на надзорот се утврди дека субјектите од став 2 на овој член не се придржуваат кон одредбите на овој закон, Министерството за внатрешни работи донесува решение за отстранување на недостатоците во определен рок кој не може да биде подолг од три месеци.

Министерството за внатрешни работи со решение ќе ги одземе овластувањата на Комората, утврдени со овој закон, доколку истата не ги отстрани недостатоците во рокот предвиден со решението од ставот 3 на овој член.

Член 33

Дозволата за работа ќе се одземе ако правното лице кое врши обезбедување на лица и имот:

1) повеќе не ги исполнува условите определени со овој закон и

2) не ги отстрани недостатоците во рокот утврден со решението од член 32 став 3 на овој закон.

Член 34

(се брише)

Член 35

Против решението од членовите 32 и 33 на овој закон, правното лице, односно Комората има право на жалба во рок од 15 дена до надлежната комисија на Владата на Република Македонија.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Глоба во износ од 1.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице ако:

1) врши дејност обезбедување на лица и имот без дозвола за работа (член 5 став 2 и став 4);

2) не започне со работа во пропишаниот рок од членот 5 став 5 на овој закон;

3) не склучи со странката договор за обезбедување согласно со член 11 на овој закон;

4) извршува или склучува договори за работа од надлежност на државни органи (член 12 став 1);

5) извршува работи сврзани со наплата на долг (член 12 став 2);

6) употребува методи и средства кои со закон не се дозволени или за чија примена се овластени само надлежни државни органи (член 13);

7) не поднесе барање до Комората за издавање на легитимација во пропишаниот рок (член 14 став 1);

8) во случај на престанување на работниот однос на работникот кој врши обезбедување, не ја достави легитимацијата за поништување до Комората (член 16);

9) во рок од 24 часа писмено не го извести Министерството за внатрешни работи за употребата на средствата на присилност (член 19);

10) во рок од 24 часа писмено не го извести Министерството за внатрешни работи за употребата на огнено оружје (член 21став 5);

11) работната облека не е во согласност со член 24 на овој закон;

12) нема организирано обезбедување во согласност со овој закон (член 25);

13) не води евиденција за склучените договори за обезбедување (член 29 став 1);

14) на барање на Министерството за внатрешни работи не ја достави на увид евиденцијата и склучените договори за обезбедување (член 29 став 2) и

15) не овозможи вршење на надзор или ако не ја стави на располагање соодветната документација или ако не ги даде потребните податоци и известувања (член 32 став 2).

За прекршоците од став 1 точки 1, 4,5, 6, 10 и 15 на овој член на правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење на дејноста обезбедување на лица и имот во траење од шест месеци до една година.

Член 37

Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако:

1) врши работи на обезбедување на лица и имот без лиценца за работа (член 8 став 1);

2) извршува работи сврзани со наплата на долг (член 12 став 2);

3) употребува методи и средства кои со закон не се дозволени или за чија примена се овластени само надлежни државни органи (член 13);

4) при вршењето на работите не носи легитимација (член 14)

5) не ја покаже легитимацијата во случај кога се повикува на своите задачи или не ја покаже легитимацијата на барање на овластено службено лице на Министерството за внатрешни работа (член 15);

6) примени физичка сила спротивно на член 17 став 2 од овој закон;

7) при употребата на средства на присилба или огнено оружје не го предупреди гласно лицето спрема кое ќе го употреби тоа средство, односно оружје (членови 17 став 3, 18 и 21 став 4).

8) употреби средства на присилба спротивно на член 18 од овој закон;

9) во рок од 24 часа писмено не го извести Министерството за внатрешни работи за употребата на средствата на присилност (член 19);

10) не присуствува на организираното гаѓање со оружје со кое е вооружено, најмалку еднаш годишно (член 20 став 2);

11) употреби огнено оружје спротивно на член 21 ставови 1 и 3 од овој

закон;

12) во рок од 24 часа писмено не го извести Министерството за внатрешни работи за употребата на огнено оружје (член 21 став 5);

13) употреби огнено оружје спротивно на член 22 од овој закон и

14) при вршењето на работата не носи работна облека, односно носи работна облека која е идентична со униформата на припадниците на државни органи (членови 23 и 24).

За прекршоците од став 1 точки 1, 2, 3, 6, 7, 11, 12 и 13 на овој член на физичкото лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење на дејноста обезбедување на лица и имот во траење од три месеци до една година.

Член 37-а

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон Министерството за внатрешни работи води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38
(преодна одредба член 38 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 80/99)

Комората ќе се основа кога ќе се здружат најмалку десет работници за обезбедување.

До основање на Комората, овластувањата на Комората предвидени со овој закон ќе ги врши Министерството за внатрешни работи.

Член 39
(преодна одредба член 39 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 80/99)

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 40
(преодна одредба член 40 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 80/99)

Постојните правни лица што вршат обезбедувања на лица и имот се должни својата работа да ја усогласат со овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Работниците кои вршат обезбедување на лица и имот, можат да ги вршат работите и задачите и по влегувањето во сила на овој закон, но најдолго две години од денот на влегувањето во сила на подзаконските прописи предвидени со овој закон, во кој рок се должни да го положат стручниот испит.

Член 41
(преодна одредба член 41 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 80/99)

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за општествена самозаштита („Службен весник на СРМ" број 18/76, 25/76 и 37/87).

Член 42
(преодна одредба член 20 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 66/2007)

Постојните правни лица на кои им е издадена дозвола за работа од Министерството за внатрешни работи се должни да започнат со работа во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 43
(преодна одредба член 21 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 66/2007)

Комората е должна да го усогласи своето работење согласно со одредбите на овој закон.

Член 44
(преодна одредба член 22 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 66/2007)

Владата на Република Македонија во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе определи кои правни лица се должни да имаат обезбедување на лица и имот за свои потреби.